Уп. бр. 08-33

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Претпријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво Белград со регистрирано седиште на ул. Таковска бр.2, Белград, Република Србија, преку овластено лице Огнен Трајковски од Скопје на седницата одржана на ден 12.03.20252025 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Препријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво Белград, со регистрирано седиште на улица „Таковска“ број 2, Белград, Република Србија ќе стекне поединечна контрола, односно правото на сопственост на дел од работењето односно над инфраструктурата на СКЈНЕТ КТВ ДОО Златибор, Република Србија со регистрирано седиште на улица др Драгослава Зеке Смиљанича бб, 31215 Златибор, Република Србија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 11.02.2025 година, а дополнето на ден 20.02.2025 година и 26.02.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна Препријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво Белград, со регистрирано седиште на улица „Таковска“ број 2, Белград, Република Србија, со која Препријатие за телекомуникации Телеком Србија акционерско друштво Белград ќе

стекне поединечна контрола, односно правото на сопственост на дел од работењето односно над инфраструктурата на СКЈНЕТ КТВ ДОО Златибор, Република Србија со регистрирано седиште на улица др Драгослава Зеке Смиљанича бб, 31215 Златибор, Република Србија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

-**Препријатие за телекомуникации „Телеком Србија" акционерско друштво Белград** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникации, а од услугите што ги дава, ги издвојуваме услугите за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

Претпријатие за телекомуникации „Телеком Србија" акционерско друштво Белград има поврзано лице[1] на територијата на Република Северна Македонија и тоа: **Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје** чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки" 11/1-3, Скопје, Центар, во Република Северна Македонија, регистрирано за дејност: жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје има поврзано лице во Република Северна и тоа е: **Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје** со регистрирано седиште на улица „Максим Горки" 11/1-3, Скопје, Центар. Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга. Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје е мобилен виртуелен мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

-**СКЈНЕТ КТВ, ДОО Златибор** е оператор за електорнски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги на дистрибуција на медиумска содржина на територија на Република Србија.

СКЈНЕТ КТВ, ДОО Златибор нема поврзани правни лица ниту има остварено приходи на таа територија на Република Северна Македонија.

[1] Комисијата за заштита на конкуренцијата со решение бр.08-31/2023 од 22.03.2023 година ја одобри концентрацијата со која МТЕЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица Максим Горки бр.11-1/кат 3, 1000 Скопје, ќе стекне контрола над друштвото НЕОТЕЛ ДОО Скопје, со седиште на булевар Кузман Јосифовски-Питу бр.15, 1000 Скопје.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**